ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Биро за развој на образованието, сметка на основен буџет (637)

**Предмет на ревизија:**

Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- Бирото нема воспоставено информациски систем и база на податоци од областа на воспитно образовниот систем во државата;
- од 2012 година не се издава научно-стручното списание „Образовни рефлексии“;
- не е регулирано правото на користење и располагање за сите објекти на Бирото;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е целосно извршен согласно законските акти.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- воспоставување информациски систем со податоци од областа на образованието;
- обезбедување на документи за сопственост/користење на објектите кои ги користи Бирото;
- целосно извршување на постапките за попис.

**Клучни системски слабости:**
Доуредување на регулативата во однос на содржината на информацискиот систем, користење и размена на информации меѓу институциите, заради интегриран пристап на обезбедување податоци за образовниот систем.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk